Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за медијација,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 февруари 2007 година.

Бр. 07-776/1
16 февруари 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Член 1

Во Законот за медијација ("Службен весник на Република Македонија" број 60/2006), членот 28 се менува и гласи:

"(1) Медијаторите се организираат во Комората на медијатори на Република Македонија.

(2) Комората на медијатори има својство на правно лице.

(3) Седиштето на Комората на медијатори е во Скопје."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".